РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Воена Академија Скопје-придружна членка-
Бр. 07-5615
15-02-2023 год.
СКОПЈЕ

# ОГЛАС

*за Програмата за размена со странски академии за 2023 година*

**Огласот е објавен на ден: 15.02.2023 година**
**Огласот трае: 5 (пет) работни дена започнувајќи од 16.02.2023 година до 22.02.2023 година**

Во рамките на Програмата за билатерална соработка со САД, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје, на ден 15.02.2023 година го објавува ОГЛАСОТ за упатување на 2 (двајца) студенти-питомци во рамките на *Програмата за размена со странски академии за 2023 година* во Воената академија West Point во САД.

Основната цел на Програмата е да промовира добра волја и да ги зацврстува партнерствата помеѓу Воените академии.

На огласот можат да се пријават сите студенти-питомци на Воената академија од втора, трета и четврта година на прв циклус студии кои студираат во академската 2022-2023 година, кои ги имаат положено сите испити заклучно со непарните семестри во учебната 2022-2023 година и кои ги исполнуваат критериумите наведени во огласот.

- Временски период за реализација на мобилностите за студенти: **од 14.04.2023 до 23.04.2023 година.**

Сите трошоци поврзани со размената на студенти-питомци ќе бидат покриени од страна на Министерството за одбрана на РСМ и Воената академија West Point во САД, во согласност со билатералниот договор склучен меѓу двете земји.

**Пријавата за размена на студентите-питомците треба да содржи:**

1. Пријава по конкурс пополнета од кандидатот
2. Потврда за статусот студент-питомец (од студентска служба)
3. Препис од оценките за положени испити
4. Копија од важечка патна исправа (пасош)

Рангирањето на кандидатите ќе се изврши по следните критериуми:

- Постигнат успех (50 поени)
- Постигнатиот успех на последниот испит по англиски јазик (20 поени)
- Резултати од интервју (20 поени)
- Мислење од ЦОП (10 поени)

Пријавата да се достават преку деловодство на Воената академија со назнака:

До Продекан за ФИМС на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски"-Скопје

ДЕКАН
ПОЛКОВНИК
д-р Митко Богданоски, редовен професор